РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-667/4
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на подолжениeто на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-667/1 од 08.02.2024 година, оформен по пријава со наводи против Управниот одбор на ---------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека се надминати состојбите за кои се укажува во пријавата, на начин што се имплементирани препораките дадени во ревизорскиот извештај од Државниот завод за ревизија, поради што нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-667/1 од 08.02.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од истата да се достави до подносителот на пријавата.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 08.02.2024 година, е поднесена пријава против Управниот одбор на -------------------- и оформен е предмет број 12-667/1 од 08.02.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека членовите на Управниот одбор на ---------------, со донесувањето на Правилникот за изменување на Правилникот за начинот и постапката за изнајмување на простор во рамките на објектот на --------------, цените и надоместоците за нивното изнајмување, како и за давање на послуга постапиле спротивно на Укажувањето и препораките од Државниот завод за ревизија, со што повторно донеле правилник во кој цените за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

изнајмување на простор биле варијабилно утврдени и кои повторно овозможувале субјективизам во формирањето на истите, како и простор за корупција.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ------------------- за да достават известување за тоа дали се применети препораките од ревизорскиот извештај од Државниот завод за ревизија.

Од страна на --------------, се доставени бараните информации и податоци, а во одговорот стои дека со промена на Управниот одбор и в.д Директорот на Установата, на ден 26.02.2024 година на одржаната седница донесен бил нов Правилник за измена на Правилникот за начинот и постапката за изнајмување на --------- во рамките на објектот на -------------------, цените и надоместоците за нивното изнајмување, како и давање на послуга во кој повторно биле утврдени фиксни цени и надоместоци за изнајмување на просторот во -------------------.

Од горенаведеното може да се констатира дека --------------- повторно ги имплементирала препораките дадени во ревизорскиот извештај од Државниот завод за ревизија.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека се надминати состојбите за кои се укажува во пријавата, на начин што се имплементирани препораките дадени во ревизорскиот извештај од Државниот завод за ревизија, поради што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата